Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 95/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.04.2024 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА ПО ПАТ НА МЕДИЈАЦИЈА

**Комисијата одлучи дека жалбата на Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за текстот насловен „[Видео Фото] Солун е на нозе по шокантниот напад: Илјадници луѓе излегоа на улиците откако 200 млади момчиња облечени во црно бркаа млада трансродова двојка“, објавен на порталот и на фејсбук страницата на порталот Точка.мк на 11.03.2024, е решена по пат на медијација.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16.03.2024 година Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, поднесе жалба за текстот со наслов „[Видео Фото] Солун е на нозе по шокантниот напад: Илјадници луѓе излегоа на улиците откако 200 млади момчиња облечени во црно бркаа млада трансродова двојка“, објавен на порталот и на Фејсбук страницата на порталот Точка.мк на 11.03.2024.

Во жалбата се наведува дека:
Се обидовме да стапиме во контакт со Интернет медиумот и да го поучиме дека тие со оваа вест, креираат почва за злосторство одомраза и дека во членовите на Кодексот на новинарите е изрично дека онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

Онлајн порталот не одговори на мојата порака иако се претставив како Мартин Тасевски правен советник на здружение КВИР ЦЕНТАР Скопје. Коментарите не се модерирани од администраторот, а со ова должноста за грижа интернет порталот која ја има како коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил, кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

По ова, Извршната канцеларија на СЕММ во име на Комисијата за жалби на 28.03.2024 г. упати писмено барање до Порталот да се произнесе за жалбените наводи и дали ако ги прифаќа делумно или во целост е волјен спорот да се реши со медијација.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

До Жалбената комисијата на СЕММ, преку Извршната канцеларија на 29.03.2024 е упатен одговор од медиумот преку Дениз Селимоски. Притоа, меѓу другото, е наведено:

„Најпрво би сакал да се извинам за превидот кој го имаме направено со неотстранувањето на несоодветните коментари на нашата фејсбук страница. Како портал, кој долги години функционира на највисоко ниво, етиката секогаш ја ставаме на прво место и можам да кажам дека ова ни е прв случај некој да поднесе жалба за нашата работа. Се согласуваме да се започне процес на медијација со цел да се реши целата ситуација. Коментарите може веднаш да бидат избришани, а нема да биде проблем и целиот пост да го отстраниме, се разбира ако тоа го посака самото здружение „Квир центар““.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата утврди дека откако е искажана добра волја и од страна на жалителот и на медиумот, спорот да се реши со медијација. Тоа е постигнато со посредство на Извршната канцеларија која ги контактираше двете страни. Со тоа, жалбата која беше основана е решена на задоволство на двете страни, со што е остварена основната улога на СЕММ, зголемување на довербата помеѓу јавноста и медиумите

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595